## Годишен извештај за работата на Судско-медиумскиот совет

## (01.01.2023 - 31.12.2023)

### Вовед

На 23 ноември 2022 година беше избран третиот состав на членови на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на РСМ, како континутет на претходните состави на ова советодавно тело. Меѓу 15-те членови беа именувани нови и реизбрани дел од членовите на стариот состав, поради овозможување континуитет на проектите. Третиот состав на СМС едногласно одлучи за претседател на телото да биде избран Васко Маглешов, новинар во Балканската истражувачка репортерска мрежа (БИРН), а за негова заменичка, потпретседателка на Советот, судијката Емилија Шопар-Јовановска од Основниот граѓански суд, Скопје.

Програмскиот дел на активностите на СМС го спроведува Центарот за истражување и анализи, ЦПИА, со финансиска поддршка од Бирото за меѓународна борба против наркотици и за спроведување на законите (ИНЛ) при Стејт департментот на САД.

Годинава СМС беше многу поактивно во споредба со претходната 2022 година. Одржа вкупно 8 седници, од кои шест беа онлајн, а две со физичко присуство, што со други зборови, значи дека во просек се одржувала по една седница на секои 1,5 месец.

На седниците беа разгледувани прашања за функционирањето на телото и прашања поврзани со теми за јавноста и транспарентноста на правосудството. Во рамки на Советот беше формирана работна група за изготвување протокол за известување од судовите.

Фан-страницата на СМС на социјалната мрежа Фесјбук има над 1.100 следбеници. На страницата редовно во текот на годината беа споделувани кратки информации и фотографии за активностите на СМС. На идентичен начин на веб-страницата на СМС беа објавувани информации за работата на ова тело.

### Активности

По конституирањето на третиот состав на Советот, кој беше поради објективни и субјективни причини не работеше доволно ажурно и посветено, во декември 2022 година во Велес беше одржана работилница за новиот состав на Советот. Судии и новинари, членови на Судско-медиумскиот совет заедно со американската новинарка од „Бостон глоуб“, Рашел Коен, разговараа кои се идните предизвици на ова тело во Република Северна Македонија и за донесување кризен комуникациски план во судовите. Работилницата беше посветена на зајакнување на меѓусебната доверба и зголемување на капацитетите и перформансите на советодавното тело. Се утврди дека целта и натаму не е променета: поголема транспарентност на судовите и зголемена јавна доберба во правосудството. Коен го претстави 27-годишното функционирање на Судско-медиумскиот комитет во Масачусетс, САД. Рече дека овие тела за соработка се уникатни и дека со меѓусебна доверба и соработка даваат резултати.

Во февруари, 2023 година, Во Кривичниот суд во Скопје се одржа работна средба на која присуствуваа претставниците на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), членови на Судско-медиумскиот совет, судии од Кривичниот, Граѓанскиот, Апелациониот и Уставниот суд во Скопје, претставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Совет на Европа - Програмската канцеларија во Скопје и Коалиција Сите за правично судење. За време на средбата, претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски и претседателот на Судско-медиумскиот совет, Васко Маглешов потпишаа дополнителен меморандум за соработка помеѓу двете организации. По воведните обраќања и потпишувањето на меморандумот, следуваше дебата меѓу присутните претставници на институциите и организациите во насока на  жподобрување на соработката со судските и медиумските органи преку заеднички активности, консултации и кампањи. Беа споделени досегашните искуства меѓу новинарите од различни медиуми во земјава што редовно известуваат за работата на судовите како и искуствата на судските власти од медиумските известувања за судските процеси, а сето тоа во полза пред сѐ на јавниот интерес, но и на професионалното новинарство и независноста на судиите.

Во март, 2023 година, во Охрид се одржа викенд-работилница за членовите на Судско-медиумскиот совет. Во согласност со Стратегијата за работа на Судско-медиумскиот совет усвоена во 2021 година, за периодот 2021-2023 година, а во насока на долгорочно зголемување на довербата на граѓаните во судството, за што влијание имаат нивото на транспарентност на институциите и отвореноста за комуникација со медиумите, членовите усвоија План за работа на Советот за периодот 2023-2025 година[1].

Во април 2023, претставници на Хелсиншкиот комитет на Холандија се сретнаа со судијката Емилија Шопар и со новинарот Васко Маглешов. Разговараа за тоа што работи Советот и за начините за идна соработка со оваа странска невладина организација која работи на проекти за правосудството. Истиот месец претседателот на Советот се сретна со претставнички на холандската организација Free Press Unlimited кои беа во посета на РСМ. Ним им беа презентирани проектите на кои работат членовите на Судско-медиумскиот совет, мисијата, целта и заложбите на телото.

Во мај 2023, четворица новинари и четворица судии, членови на СМС беа во еднонеделанстудиска посета на Бостон, Масачусетс, во САД за одблиску да ги видат релациите меѓу обвинителите, судиите и новинарите кои го следат правосудниот сектор. Беа остварени непосредни средби со судии во окружни судови и во федералниот суд, потоа во редакцијата на Бостон Глоуб, како и средби со јавни обвинители и адвокати и професори по право. Членовите кои престојуваа на студиската посета имаа можност да се запознаат со електронскиот систем PACER за пристап на новинарите до судските списи.

Како дел од активностите на Советот, годинава беа организирани обуки за комуникациски вештини за 40 судии и лица за односи со јавност во сите четири апелациски подрачја низ државата. На овие обуки судиите имаа одблизу можност да стекнат базични вештини за пишување соопштение за јавноста, да присуствуваат на симулирана објава на пресуда пред ТВ камера. Во декември 2023, беше организирана и правна обука за новинари, на која, петанесетина новинари имаа можност да стекнат знаења од правната терминологија, која е клучна за правилно разбирање на судските

[1] План за работа на Судско-медиумскиот совет 2023-2025 година https://sudskomediumski.mk/assets/doc/PLAN%20ZA%20RABOTA_A4_CPIA_sudski%20sovet_HQ.pdf?fbclid=IwAR1oSU7tNYAuSOJiTzIOyNTHBj3fvFjgvCUzCc8OJthJVrvs7Q8kMxelnlk

постапки. Евалуациите покажаа дека судиите високо ги оценија овие обуки и дека сметаат дека им се потребни како вештини при нивната секојдневна работа.

Обуките за судии беа нотирани и во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија[2]. Во Извештајот пишув дека Судско-медиумскиот совет усвои двегодишен работен план кој се фокусира на подготовка на својата комуникациска стратегија и спроведе обука за комуникациски вештини за 40 судии и портпароли на судовите.

На барање на редакцијата на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ), Судско-медиумскиот совет испрати известување дека судовите при исклучувањето на јавноста да го имаат предвид и интересот на јавноста, особено за случаи каде што постои висок јавен интерес и соодветно да го одмерат јавниот интерес и заштитата на човековите права и заклуи дека во конкретниот случај, дали јавноста е исклучена спротивно на закон, би одлучувал Апелациониот суд, во постапка по евентуално вложена жалба против одлуката на првостепениот суд и истакнат жалбен навод во таа насока.

Во мај, 2023, четворица членови на Судско-медиумскиот совет, судиите Иван Џолев и Емилија Шопар и новинарите Михаела Димовска и Зоран Јаневски се сретнаа со претседателот на Судскиот совет, Сашко Георгиев. Средбата се иницира по последните случувања во Советот, кога беше одлучено снимателите да не бидат присутни на седниците. Новинарите му укажаа на претседателот на Советот, дека од суштинско значење е да се обезбеди присуство на камерите со цел изворно да бидат пренесувани седниците на ова тело, кое избира, унапредува и разрешува судии. Претседателот на Судскиот совет, Сашко Георгиев, увери дека како и досега и отсега па натаму камерите ќе бидат присутни во Советот и дека ќе изнајдат начин со сопствени ресурси да обезбедат онлајн пренос на седниците на Советот. Георгиев вети дека навремено ќе објавуваат соопштенија за јавноста од седниците и дека моментално работат на ангажирање лице за односи со јавност во Судскиот совет. Во таа насока, од членовите на Судско-медиумскиот совет на Георгиев му беа пренесени заложбите за ангажирање лица за односи со јавност во четирите апелациски судови, кои би споделувале информации за судовите кои се под надлежност на конкретното апелациско подрајче.

Во јуни, 2023, Министерството за правда ја прифати иницијативата на Судско-медиумскиот совет, поднесена во декември 2022 година. Претседателот и потпретседателката на Советот, како и новинарката Саније Дураку, се сретнаа со министерот за правда, Кренар Лога. По средбата Министерството информира дека ја разгледало Иницијативата за  змена на членот 9 од Законот за управување со движење на предметите што ја поднесе Судско -медиумскиот совет. Договорено е измените да бидат вметнати во Стратегијата за развој на правосудниот систем 2023-2027. Со измените на законот ќе се овозможи јавно да се објавуваат  првостепените неправосилни пресуди на веб страницата на судот со посебна мерка: Пристап на јавноста до првостепените неправосилни пресуди со измени на Законот за управување со движење на предметите во судовите. Дел од прашањата за кои се дисутираше на средбата во Министерството за правда беше и потребата од транспарентност и отвореност на повисоките судови за јавноста како и наоѓање на соодветно софтверско решение за подобрување на судскиот систем.

[2] Извештај на Европската Комисија за напредокот на РСМ за 2023 година https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2023_en

По средбата, членовите на СМС се сретнаа со американсната амбасадорка Анџела Агелер и разговараа за ова тело, како една од ретките „светли точки“ на соработка во македонското општество.

Во септември, 2023, новинарката Елена Мукоска-Ивановска и судијката Емилија Шопар, говореа за менаџирање на односите со јавноста во судовите и за искуствата и проектите на Судско-медиумскиот совет на конференција во Скопје за менаџирање во судството. На присутните на работилницата им ги пренесоа позитивните ефекти од соработката меѓу судиите и новинарите кои произлегуваат од продлабочената соработка благодарение на активностите на Судско-медиумскиот совет.

Во декември, 2023, меѓу педесетина судии, адвокати и професори по право, во Брисел, на Годишната конференција на Европскиот форум на правните професии, говореше претседателот на Судско-медиумскиот совет. На презентацијата кажа дека Советот е единствено советодавно тело меѓу судиите и новинарите во Европа, кое работи на проекти за подобрување на комуникацијата со судовите и градење доверба меѓу двата важни столба на секое демократско општество: судстовото и медиумите. Дебатата ја организираше Европската академија за право.

Во претстојната година проектирани се низа активности предвидени во Планот за работа на СМС.

изготвил:

Васко Маглешов

______________________

претседател на Судско-медиумски совет

Скопје,

22.12. 2023